Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел од дневни настани 08.04.2022

На 07.04.2022 во полициска станица, со присуство на родител, бил извршен разговор со малолетничка од Скопје поради сомнение дека на 06.04.2022 во основно училиште на подрачје на Скопје одзела паричник со пари од друга малолетничка. Малолетничката го признала делото, а кај друг малолетник биле пронајдени дел од парите, како и паричникот.За настанот бил запознаен Јавен обвинител и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

Полициски службеници на СВР Тетово, со судска наредба, вчера (7 април) околу 21 часот и 30 минути во тетовско Желино го привеле В.А.(36) од тетовска Стримница за издржување на затворска казна во Казнено-поправната установа Затвор „Тетово" во Тетово. Нешто подоцна тој бил спроведен во затворот.

На 07.04.2022 на ул.„Нико Фундали" во Битола, полициски службеници од Полициска станица Битола го лишиле од слобода Ш.М.(25) од Битола. Тој бил затекнат при извршување кражба во објект сопственост на Д.П.(45) од Битола. Кај Ш.М биле пронајдени одземените предмети и биле вратени на сопственикот. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На подрачјето на СВР Куманово во текот на вчерашниот ден (07.04.2022) од 07.00 до 12.00 часот спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачите кои не даваат првенство на минување на пешаците на пешачки премин. При контролата констатирани се 9 прекршоци од кои 6 на подрачје на Куманово и 3 во Крива Паланка. На возачите им биле изготвени соодветни поднесоци и ќе се соочат со законски предвидени глоби.

На 07.04.2022 во периодот од 07.00 до 12.00 часот на подрачјето на СВР Велес била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачите кои не даваат првенство на минување на пешаците на пешачки премин. Притоа, биле констатирани и санкционирани 7 прекршоци (Велес 6 и Кавадарци 1).

На 07.04.2022 во 14.30 часот, полициски службеници од Полициската станица Центар го лишиле од слобода М.К.(28) од Косово поради постоење основи за сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа" по член 378 од Кривичниот законик. Од него бил одземен еден извод од матична книга на родени на име М.К. и со него бил извршен службен разговор. Известен бил Јавен обвинител и по целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

СВР Велес поднесе кривична пријава против У.Ф.(32) од Велес поради постоење на основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво" по член 237 од Кривичниот законик. Пријавениот, на 06.04.2022 физички ја нападнал К.Н.(77) во нејзината куќа во Велес и ѝ одзел пари.

На подрачјето на СВР Куманово изминатава недела беа расчистени шест кражби, кои биле извршени во деловни објекти. Полициските службеници од Одделот за криминалистичка полиција од Куманово од слобода лишиле четири лица поради постоење основи на сомнение дека се извршители на делата и против нив се поднесени соодветни поднесоци.

Денеска (08.04.2022) околу 08.30 часот во тетовско Селце, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 45-годишниот У.Д. од ова село, кој се сомничи дека во дворот пред семејната куќа со остар предмет ја усмртил неговата 73-годишна мајка Н.Д.. Тој е задржан во Полициската станица Тетово за расчистување и документирање на случајот. Увид извршиле Јавен обвинител, екипа од СВР Тетово и лекар по судска медицина. По наредба на Јавен обвинител телото на Н.Д. е предадено за обдукција. Во текот на денот осомничениот У.Д. со соодветен поднесок ќе биде изведен пред судија во претходна постапка на Основниот суд Тетово.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против А.Б.(52) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „предизвикување општа опасност" и „недозволено изработување држење и тргување со оружје или распрскувачки материјал ". Тој, на 25.02 2022 во хотел на улица „Партизанска" во Струга испукал неколку куршуми од огнено оружје што нелегално го поседувал.

Денеска (08.04.2022) во 09.55 часот во СВР Струмица било пријавено дека на ул. „Климент Охридски" во Струмица, патничко возило „фолксваген голф" со струмички регистарски ознаки, управувано од С.В.(18) од Струмица, со живеалиште во с.Робово, удрило во велосипед управуван од П.Г.(75) од с.Русиново, со живеалиште во Струмица. Во несреќата велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во Медицински центар Струмица, а подоцна во Комплекс клиники „Мајка Тереза", каде починал. Увид на местото извршила екипа од СВР Струмица.

На 07.04.2022 во 14.10 часот во Полициска станица Аеродром, Г.К.(52) од Скопје пријавил дека околу 07.20 часот во основно училиште на подрачје на Аеродром, по претходно недоразбирање, неговиот малолетен син бил физички нападнат од негов соучесник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.04.2022 во 17.42 часот во СВР Скопје, Г.Р.(44) од Скопје пријавил дека во угостителски објект на ул.„Митрополит Теодосиј Гологанов" лицата Љ.Т. и С.Т. му се заканувале и се обиделе да го нападнат со остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.04.2022 во СВР Скопје, Ѓ.И.(38) од Скопје пријавила дека околу 17.30 часот на ул. „Индира Ганди" едно лице физички го нападнало нејзиниот малолетен син и му одзело мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.04.2022 во 17.59 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на ул.„Благоја Стефковски" две лица со закана кон вработениот одзеле пари и предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Н.М.(39) од Свети Николе поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материјали". При извршен претрес во неговиот дом, биле пронајдени 196 пакувања дијаболи со разни големини, куршуми калибар 12мм и повеќе пиротехнички средства за огномет.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Б.(60) од с.Мала Речица, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 27.12.2021, полициски службеници извршиле контрола во патничко моторно возило „форд транзит", управувано од пријавениот, при што било констатирано дека врши јавен превоз на патници без да поседува лиценца.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против М.С.(49) од Дебар зпоради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „узурпација на недвижности" и „бесправно градење". Пријавениот, на парцела лоцирана на место викано „Манастирец", сопственост на Република Северна Македонија, узурпирал земјиште и без одобрение за градење изградил објект од тврда градба со што се стекнал со противправна имотна корист.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет